РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено: | 26.08.2013 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/93 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **основи на општествените науки** за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ**

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

VI ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, 2013

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да ги проширува знаењата за општетсвената и природната околина;
- да развива способности за сознавање, доживување и вреднување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина, како и кон природната околина;
- да ги осознава појавите коишто се поврзани со проблеми во општествената, културната и природната средина;
- да осознае дека постои заемна поврзаност/интеракција на општествените појави;
- да се поттикнува да развива самостојност, самодоверба и одговорност;
- да се поттикнува да соработува со другите и да учествува во решавањето на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за комуницирање и соработка со другите;
- да се запознава со историските периоди и да знае за нивните основни карактеристики;
- да стекнува сознанија за државите на речните цивилизации од стариот Исток со нивните основни карактеристики;
- да стекнува основни сознанија за одделните историски појави и процеси од предисторијата и стариот век;
- да стекнува основни сознанија за значењето и придонесот на историските личности од овој историски период;
- да стекнува основни сознанија за развојот на економијата, науката и културата во државите на речните цивилизации;
- да се запознава со основните црти и одлики на хеленската, римската, илирската и старомакедонската култура;
- да се запознава со најкрупните придобивки од појавата, развојот и јакнењето на македонската држава;
- да ги осознава разликите и сличностите на балканските народи.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттикнува да го осознае поимот општествена наука;<br>➢ да се поттикнува да се запознае со поимот минато;<br>➢ да се поттикнува да се запознае со основите на историјата како општествена наука и нејзиното значење;<br>➢ да се поттикнува да се запознае со историските извори - археолошки наоѓалишта. | Општествени науки<br><br>Историјата како општествена наука<br><br>Историски извори | Историја<br><br>Минато<br><br>Археолошки наоѓалишта<br><br>Археолог | ✦ Демонстрирање преку конкретни примери, слики и илустрации: Што е историја, што е минато?<br>✦ Видеозаписи и прикази за минатото.<br>✦ Инсерти од документарни филмови за минатото.<br>✦ Видеозаписи и прикази за животот порано (во минатото) и денес.<br>✦ Прикази на пано за животот порано/и сега.<br>✦ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за археолошки наоѓалишта и други историски извори.<br>✦ Посета на Музејот на Македонија.<br>✦ Посета на археолошки наоѓалиште и други историски локалитети во непосредното окружување и пошироко.<br>✦ Работилница: Нашето подалечно минато. |

| ТЕМА: ПРАИСТОРИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се оспособува да се запознае со поимот праисторија;<br>➢ да се поттикнува да се запознае со основните карактеристики на каменото и металното време;<br>➢ да стекне основни сознанија за нашите предци, со начинот на живеење;<br>➢ да стекне основни сознанија за настанокот на човекот според религијата и според науката;<br>➢ да осознае за улогата на огнот, како и значењето на откривањето на металите во промените на начинот на животот на луѓето во минатото;<br>➢ да стекне основни сознанија за причините за распаѓање на првобитната заедница и појавата на државата;<br>➢ да стекне основни сознанија за појавата на првите верувања кај народите. | Праисторија<br><br>Животот на човекот во каменото време<br><br>Животот на човекот во металното време<br><br>Верувањето на човекот во најстарите заедници | Еволуција<br><br>Религија<br><br>Наколни живеа-лишта | - Вежби: Снаоѓање на историска карта.<br>- Текст метод: Презентирање соодветни текстови од историската читанка.<br>- Изработка на лента за времето, лента на историски периоди.<br>- Вежбање на самостојни обиди за снаоѓање на лента на времето.<br>- Видеозапис: Споредување на денешното семејство со семејството во праисторијата.<br>- Работа со илустративен материјал: слики, макети, историски извори и цртежи.<br>- Цртање и боење орудија и алати на луѓето од праисторијата.<br>- Елемент - филм, ДВД, камено време, метално време, документарен филм.<br>- Работилница - камено време/метално време<br>- Видеозапис за религиските верувања на луѓето од праисторијата.<br>- Посета на црква и џамија и разговор со свештено лице за верувањата денес.<br>- Интернет снимки.<br>- Изработка на макети на живеалишта, предмети од животот на луѓето во праисторијата. |

**ТЕМА: СТАР ИСТОК**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за појавата и развитокот на најстарите речни цивилизации и држави;<br>➢ да ја осознае улогата на природните фактори во појавата на старите цивилизации и на првите држави;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за начинот на живеење на луѓето во старите цивилизации и првите држави;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за достигањата во градежништвото, уметноста и науката кај најстарите цивилизации;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за верувањата и нивните специфичности кај одделни стари народи. | Најстарите цивилизации<br><br>Старата египетска држава<br><br>Културата и верувањата на народите од стариот Исток | Цивилизација<br><br>Стар Исток<br><br>Сфинга<br>Фараон<br>Пирамида<br><br>Сликовно писмо (хиероглиф)<br><br>Клеопатра<br><br>Клинесто писмо<br><br>Храм | - Демонстрирање инсерти од текстови и илустрации од историска читанка и од други пишувани материјали.<br>- Демонстрирање слики, опишување и поврзување на сликите со соодветен настан, личност, време.<br>- Проекција на видеозаписи и фрагменти од документарни филмови.<br>- Животот на Клеопатра – фрагменти од документарен филм за Клеопатра.<br>- Разговор по илустрација: Сфинга<br>- Цртање сфинга.<br>- Разговор по илустрација за пирамида - цртање пирамида.<br>- Изработување пирамида од картон.<br>- Опишување на фараон по илустрации.<br>- Цртање облека на фараон.<br>- Демонстрирање на клинесто писмо.<br>- Што е тоа бог? Разговор преку илустрации и објаснување на различни верувања на различни луѓе.<br>- Гледање илустрации на свештени лица од различни вери. |

| ТЕМА: БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>➢ да се оспособува да стекне основни сознанија за природните услови и за населението;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за создавањето на градовите – држави (полиси);<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за Спарта, државното уредување, воспитанието на младите;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за Атина, постанокот, населението, државното уредување;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за хелените, нивната митологија и религија;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанијаа за значењето на Олимписките игри во животот на хелените;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за начинот на живеењето на луѓето на Балканот во стариот век;<br>➢ да се поттикнува да стекне основни сознанија за територијата и населенето, создавањето на кралствата, културата и сл. (илирски кралства). | Хелада<br><br><br><br>Спарта и Атина<br><br><br>Култура на Хелените<br><br><br><br>Илирски кралства | Хелада<br><br>Град - држава<br><br><br>Митологија<br><br>Уметност<br><br>Филозофија<br><br>Олимписки игри | ➢ Илустрации, историска карта (на која е прикажано движењето на народите).<br>➢ Користење Интернет записи, фрагменти на текстови и илустрации од историска читанка.<br>➢ Цртање: Хеленски брод.<br>➢ Инсерти од историски филм по избор.<br>➢ Изработување пано: Спарта/Атина сличности и разлики.<br>➢ Цртање спартански војник.<br>➢ Цртање атински војник.<br>➢ Демонстрирање илустрирани материјали:слики на споменици од хеленската култура.<br>➢ Видеозапис: Во што верувале луѓето низ вековите? (историска читанка).<br>➢ Видеозапис: Што е уметност? (Интернет записи) - ликовен прибор некогаш и денес.<br>➢ Олимписки игри денес и некогаш (работилница со податоци од учебници и Инетрнет).<br>➢ Симулација на олимписки игри во спортска сала (вештини спортски некогаш и денес).<br>➢ Работа на историска карта.<br>➢ Видеозапис: Илирски монети, метална капа и керамички сад. |

## ТЕМА: МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>➢ да го осознае најстариот период на македонската историја, формирањето на нејзината територија, природните услови и населението;<br>➢ да се запознае со потеклото и името на Македонија;<br>➢ да осознае за реформите во јакнењето на македонската држава во времето на Филип II;<br>➢ да се запознае со доаѓањето на Александар III Македонски на чело на државата;<br>➢ да се запознае со ширењето на македонската држава и нејзиното значење;<br>➢ да се запознае со личноста на Александар III (образование, воспитание, издигнување на Александар во голем владетел);<br>➢ да стекне основни сознанија за визијата на Александар III Македонски за рамноправност, толерантност и заедничко живеење на народите;<br>➢ да се запознае со посебноста на македонската култура, јазик, обичаи, начин на живеење и др. | Македонската држава до Филип II<br><br>Македонската држава во времето Филип II<br><br>Александар Македонски<br><br>Културата на старите Македонци | Горна Македонија<br><br>Долна Македонија<br><br>Филип<br>Пела<br>Олимпија<br><br>Александар III Македонски<br><br>Букефал<br><br>Фаланга | - Видеозаписи, илустрации и карти, карта на Македонија, карта на македонската држава во IVвек пред нашата ера.<br>- Историски атлас, разговор по илустрации и слики – Пела, Филип II, портрет на Александар III Македонски.<br>- Мозаик од битката на Ис.<br>- Македонското сонце - цртање и боење.<br>- Илустрации и записи: Митот за Букефал.<br>- Илустрирани материјали: слики на споменици на културата на античките македонци.<br>- Посета на споменици, Музеј на Македонија.<br>- Работилница: Македонија во стариот век. |

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.
-

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

Учениците со аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција (имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата). Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно.

Карактеристика за нив е што многу често инсистираат на еднoличност, монотоност и стереотипност во однесувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од кава било природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така, претставува

постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на одредени движење (ехопраксија). Тие претпочитаат да бидат сами, но и кога во нивното окружување има други лица се однесуваат резервирано (повлечено). Кај нив се јавуваат сериозни проблеми кога треба да се дружат со други лица (иако се присутни во иста просторија со нив тие се однесуваат како да не ги забележуваат, како да се потполно сами во просторијата). Манифестацијата на лошо расположение, настапите на лутина и гнев без видливи причини се, исто така, карактеристични за учениците со аутизам. Ученикот со аутизам не сака близок контакт. Воопшто, нечија близина, особено на лица кои не ги познава или не ги прифаќа делуваат вознемирувачки и скоро секогаш се проследени со специфични манифестации.
Тие малку или воопшто не воспоставуваат контакт со очите со соговорникот или останатите присутни во окружувањето. Голем број од овие ученици опсесивно се врзуваат за одреден предмет, кој може постојано да им е во рацете.
Многу специфично се однесуваат при манифестирање на болката. Така на пример, тие манифестираат хипер или хипо-сензитивност на болка без видливи причини за таков вид реакција. Тие немаат или не манифестираат чувство за опасност дури и во моменти кога постои сериозна опасност.
Изразената хипо или хиперактивност е, исто така, нивна карактеристика.,Најголем број од нив имаат развиена фина моторика. Во одредени ситуации се однесуваат како да се глуви и покрај тоа што аудиограмите не покажуваат редукција на слухот. Генерално, проблемите во воспоставувањето  на вербалната и невербалната комуникација и социјалните односи воопшто претставуваат голема бариера и тешкотија. Кога говориме за вниманието, велиме дека нивното внимание е лабилно и краткотрајно, што, секако, претставува проблем кој го отежнува воспоставувањето на контактите.
Овие ученици најчесто се насочени кон сопствените потреби. Тие се обидуваат на себе својствен начин да ги реализираат сопствените потреби, притоа користејќи ја невербалната комуникација.
Многу често се забележува моторен немир кој се манифестира на за нив својствен начин изразен преку различни видови стереотипни движења (трчање во круг, постојано вртење околу сопствената оска, лулање на телото, плескање со рацете, повторување на зборови). На овие манифестации треба да се гледа како на секундарни симптоми на нивната специфична состојба. Главниот проблем треба да се лоцира во сферата на разбирањето и користењето на реципрочните интеракции.
Претходно наведените манифестации во однесувањето не треба да значат дека тие не се нежни, или дека воопшто не можат да воспостават комуникација со останатите и /или дека доцнат во развојот на социјалните вештини.
Имено, тие имаат потешкотии со различните интеракции (давање и земање во вистинска смисла на зборот, како стил и форма на комуникација со другите). Природата на проблемите и потешкотиите се забележува и во интерактивните игри со врсниците. При обидите за воспоставување каков било вид комуникација тие не реагираат воопшто или реагираат несоодветно на одредена ситуација. Карактеристично за нив е дека се „вклучуваат во светот“ само тогаш кога нешто им е потребно. Затоа, треба да се искористи секој таков момент затоа што во тој момент го забележуваат соговорникот со што се отвора можност за комуникација.

Тие манифестираат огромен распон на вниманието за повеќе видови активности. Може истовремено да бидат заинтригирани со повеќе различни активности, но, исто така, може да поминат долг временски период фокусирани на една многу едноставна активност.
Се случува спонатано или доколку се поттикнати да се вклучат во заедничка активност со другите ученици. и покрај тоа што се физички присутни во просторијата да не учествуваат активно, или пак воопшто да не воспоставуваат комуникација.
Кај овие ученици се јавуваат проблеми во извршување на задачите. Кај нив се случуваат епизоди на плачење или смеење без за тоа да постојат видливи причини.
Нивниот говор е сиромашен, монотон и често звучи како ехо(одек). Доколку одговорат на поставеното прашање тоа го прават на специфичен начин.
Карактеристично за овие ученици  е што не прифаќаат и несоодветно одговараат  на одредени стандардни методи на учење и поучување. Овие ученици најдобро напредуваат во „педагошки амбиент“ кој е добро структуиран согласно нивните потреби. Покрај амбиентот, треба да му се понудат соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои може да се модифицираат во зависност од неговите потреби и способности. Заради хетерогеноста на причините и манифестациите за овие ученици не постои пристап или систем кој би бил универзално ефикасен и добар за сите.
При изработката на индивидуалниот образовен план наставникот (во соработка со родителите) треба да се концентрира на оние области во кои врз основа на комплексната проценка  ученикот успешно ќе ги реализира поставените цели. Акцентот при планирањето треба да биде на адекватното образование за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција. Една од главните цели на наставникот треба да биде успешно вклучување и подобро прифаќање на секој ученик од околината што е од пресудно значење за нив.
Важни предуслови за вклучување на учениците со аутизм во воспитно-образовниот процес и успешно реализирање на истиот се: да им се обезбеди чувство на сигурност, чувство на доверба во наставникот, да им се обезбеди востановена шема во дневните активности, временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности; да им се обезбедат соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации, како и да се практикува активно и директивно воспоставување на комуникација со различни субјекти (со различна динамика и квалитет, а задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како куси, сукцесивни и едноставни чекори.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

**Насоки за меѓупредметно поврзување**

Наставниот предмет основи на општествените науки содржи меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности. Со оглед на фактот што наставаната програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањето на општествените науки, се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините од овој наставен предмет се компонирани од аспект на сите општествени науки и нивната примена во секојдневниот живот.

**Препораки за користење на годишниот фонд на часови**

Препораките за користење на годишниот фонд на часови се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми и содржини, што, секако не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата.

Поинакво користење на часовите треба да го проценува наставникот според достигањата на неговите ученици,т.е според промените во квалитетот на знаењата и резултатите кои тие ги постигнуваат

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

**Наставни средства:**

- Извори на учење од непосредната околина - примери на појави, настани, предмети и сл. во семејството, населбата, блиската околина, општината и општесвото во целина, како и за односите меѓу луѓето.
- Енциклопедии за деца, речници, атласи, карти и сл.
- Интернет, образовни софтвери - Green paket junior.
- Светски признати списанија од областа на општествените науки.
- Аудиовизуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер, ЛЦД и др.).

Важно е наставниот процес да биде заснован на:

- секојдневните реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учениците;
- холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
- насочување кон планирање и преземање на активностите во непосредната околина;
- поттикнување на споредбен пристап во обработката и презентирање на информациите за појавите и другите сознанија.

За постигањето на целите треба да се користат соодветните наставни форми од индивидуална работа, работа во парови и групната работа. Во разработката на наставната содржина соодветно треба да се користат следниве методи и активности: проектна настава, проблематска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат, исто така, и екскурзии и посети, кога е тоа можно. Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализацијата на наставната програма.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Следење на постигањата на учениците**

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците,се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето.

Во програмата се наведуваат начините на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат активностите на учениците во кои спаѓаат и активностите поврзани со водењето на портфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активности и сл. Други средства и постапки за следење и оценување:говорни вежби, разговор- дијалог наставник-ученик; работни листови, тестови на знаења.

Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.

- Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.
- Оценувањето треба да биде праведно, да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на постигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.
- Оценувањето треба да се врши транспарентно што подрзабира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат.Тоа значи дека учениците треба да знаат што треба да научат и што, како и кога се оценува.

**Начини на проверување и оценување**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од учениците,разговор меѓу учениците и разговор меѓу учениците;
- Писмени извештаи, евиденции на податоци од истражуавањата;
- Практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.);
- проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, запишување и прикажување на податоците, презентирање);
- работа во група.

**Други средства и постапки за следење и оценување:**

- разговор - дијалог наставник - ученик;
- контролни листови, тестови на знаења;
- домашни работи;
- чек листи.

На крајот на полугодието и на крајот на учебната година учениците со оценуваат со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по наставнито предмет основи на општествените науки се реализира во просторни услови и услови на опременост според општиот норматив за опременоста за реализирање на наставните програми за деветгодишното основно образование донесен од министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставната програма по основи на општествените науки во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- филозофски факултет - Институт за историја;
- Педагошки факултет - Институт по историја – географија;
- дополнителна дефектолошка дообразба;
- филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог.

Изготвил: работна група, координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *основи на општествените науки* за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

На ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3981/1
19 08 2013 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски